Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски на свеченоста по повод примопредавање на функцијата министер за одбрана – 24 јуни 2024 година

Почитуван македонски народе,

Почитуван заменик министер за одбрана г. Јајага,

Почитуван Началник на ГШ на Армијата, генерал потполковник Ѓурчиновски,

Почитуван мој пријател и пратеник Драган Ковачки,

Почитуван Државен секретар и вработени во Министерството за одбрана,

Генерали и други присутни војници и цивилни лица, почитувани присутни, почитувана јавност,

Чест ми е што во наредниот период ќе раководам со Министерството за одбрана. Уште поголема е обврската, особено обврската кон вработените во министерството за одбрана и активниот воен и цивилен персонал во служба на Армијата, херои кои се грижат за нашата безбедност и безбедноста на државата.

Оттука на почетокот во оваа прилика сакам да изразам длабоко сочувство до семејството и блиските за загубата на младиот војник на селективниот курс во армискиот полигон Криволак, кој бил еден од најдобрите во извршување на дисциплините.

Слава му!

Македонија денес е член на НАТО семејството, систем кој обезбедува на сите наши сограѓани безбедност, која е клучна за сеопфатен општествено економски развој, кој е еден од најважните стратешки приоритети на оваа влада.

Пред вас присутните, пред целата јавност се обврзувам дека ќе работам на јакнење на меѓународниот углед и позицијата на државата. Ветувам враќање на достоинството на Армијата. Ветувам инвестиции во нова опрема, инфраструктура, во човечки ресурси.

Приоритет ќе биде целосно активирање на сите расположливи ресурси во државата во функција на заштита на нашите национални и државни интереси, а во согласност со обврските кои произлегуваат од членството на НАТО со цел обезбедување на предуслови за стабилен економски социјален развој на Македонија.

Реформските процеси ќе бидат на врвот на агендата. Согласно целите на способност на НАТО соодветно ќе ја ажурираме стратегиската рамка која е основа за имплементација на

реформските процеси во клучните области на одбраната. Со овие реформи соодветно ќе се зајакнат процесите на модернизација на Армијата, меѓународната соработка, системот на човечки ресурси, образованието и обука на персоналот, логистичката поддршка, воената инфраструктура, комуникацискиот систем и сајбер одбраната.

Цврсто застанувам на заложбите за стабилно и континуирано финансирање на одбраната согласно одлуките на НАТО Алијансата и исполнување на обврската за издвојување на средства за одбраната на 2% од БДП. Во овој дел ветувам зголемување на реализацијата на капитални расходи и значително намалување на сите досегашни непродуктивни трошоци.

За вработување во Армијата ќе има објективни, транспарентни и прецизни критериуми ќе има квалитетен и професионален развој за воениот и цивилниот персонал во Армијата, ќе се воспостават транспарентни и јасни критериуми за избор и упатување на вработените за стручно усовршување, за дипломатските мисии во странство и мировните мисии ќе се одлучува врз основа на стручност, заслуги и исполнување на меѓународните стандарди и стандардите на НАТО.

Во исполнување на сите овие мои заложби, активно ќе соработувам со Претседателот на Републиката како врховен командант на вооружените сили, со целокупното раководство на Генералштабот на Армијата и сите други инволвирани институции од извршната власт во системот на одбраната како и унапредување на соработка на највисоко ниво со стратешки партнери.

Ќе се ангажирам посветено во ресорот. Министерството и Армијата ќе бидат огледало на државата, бидејќи како земја членка на НАТО, Армијата е најголем амбасадор на државата.

Посветено ќе работам за Македонија да биде горда на својата Армија!